# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**30 Октомври 2020 година, Гевгелија Број 12 Година XXXIX**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18год.) и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.10.2020 година, по расправата за Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година за периодот од 01.01.2020г. – 30.09.2020 година (кумулатив), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 год. За периодот од 01.01.2020г. – 30.09.2020год. (кумулатив).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1635/1
29.10.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.10.2020 година, донесе

## ОДЛУКА
### за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства во висина од **377.364,оо денари** како финансиска помош за ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија заради итната потреба за обезбедување дополнителен болнички капацитет за пациентите позитивни на КОВИД 19 коишто примаат терапија во болнички услови.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се исплатат од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година од Основниот буџет, програма А0 – Совет на општина Гевгелија

подставка 412110-Постојана резерва (непредвидливи расходи), а ќе се преведат на "РУСЕ КОМЕРЦ"-Гевгелија на денарска трансакциска сметка: 210043544270171, депонент во НЛБ Банка АД-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1636/1
29.10.2020 год.
Гевгелија

Претседател
На Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.) и Планот за управување со отпад на општина Гевгелија 2017-2022 година, Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.10.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

**За давање на управување и користење на изведена градба – „Привремена санитарна депонија во село Ново Конско – Општина Гевгелија, со фотоволтаичен систем"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давање на управување и користење на изведена градба „Привремена санитарна депонија во село Ново Конско – Општина Гевгелија, со фотоволтаичен систем".

Вкупната фактурирана вредност на објектот „Привремена санитарна депонија во село Ново Конско – Општина Гевгелија, со фотоволтаичен систем" изнесува 51.782.167 денари.

**Член 2**

Со предавањето на овој објект на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија, се предава и основниот проект со тех. бр. ПД_041_03/17 од август 2017 година изработен од „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интрнешнл и др" доо – Скопје и Извештај бр. 09-002 за технички преглед на фотоволтаичен систем, Времена Депонија „Ново Конско" во Гевгелија, од 17.09.2020 година.